Australian Government
Department of Health and Aged Care

medicare

Macedonian



# Medicare нуди многу повеќе

Medicare е австралиски здравствен систем, кој им овозможува на сите Австралијци пристап до широк спектар на здравствени услуги по ниска цена или бесплатно.

Од посети на доктор по општа пракса (GP) до болничка нега, Medicare гарантира дека секој може да ја добие потребната медицинска нега кога му е потребна.

## Што значи Medicare за вас

Medicare се зајакнува за да се осигура дека Австралијците имаат подобар пристап до услуги за здравствена заштита, итна нега и ментално здравје по пристапна цена.

**Medicare значи дека можете да користите:**

- бесплатни услуги или услуги по пониска цена од доктори и други здравствени работници
- бесплатна нега или нега по пониска цена за менталното здравје
- бесплатна итна нега, без потреба од закажување на термин, преку растечката мрежа на клиниките за итна помош на Medicare (Medicare Urgent Care Clinics)
- делумен или целосен надомест на трошоците за одредени основни стоматолошки услуги за деца кои исполнуваат услови за тоа, според Програмата за стоматолошки бенефиции за деца (Child Dental Benefits Schedule).

Исто така, Medicare нуди многу други бенефиции - за да дознаете повеќе за нив, посетете ја веб-страницата на Services Australia.

## Како да извлечете максимална корист од Medicare

Следат неколку совети како да извлечете максимална корист од Medicare:

- **Пријавете се во Medicare:**
  - пријавете се онлајн преку myGov
  - пополнете го формуларот за пријавување во Medicare (Medicare enrolment form) и испратете го заедно со потребните документи по пошта или имејл, или
  - посетете центар за услуги на Services Australia.
- **Користете нега тогаш и таму каде што ви е потребна:**
  - **Закажани термини со доктор по општа пракса, специјалист и преку телефон (telehealth):** проверете дали вашиот давател на услуги може директно да ги наплаќа услугите од Medicare (bulk billing). Ако не, ќе треба да ја платите сметката и после тоа да поднесете барање за надомест до Medicare. Исто така, можете да се распрашате дали вашиот доктор по општа пракса или специјалист нуди телефонски или видео консултации за ваша погодност, доколку ги исполнувате условите за тоа.
  - Посетете **клиники за итна помош на Medicare:** тие нудат бесплатна итна нега за повреди или болести кои не се опасни по живот, без потреба од закажување на термин.
- **Користете поддршка за вашата благосостојба:**
  - Посетете **центри за ментално здравје на Medicare (Medicare Mental Health Centres):** достапна е бесплатна поддршка за ментално здравје и благосостојба, без потреба од закажување на термин, низ цела Австралија.
- **Користете помош за стоматолошки услуги за деца:**
  - Децата кои исполнуваат услови можат да ја користат Програмата за стоматолошки бенефиции за деца за делумен или целосен надомест на трошоците за основни стоматолошки услуги.



## Кој може да користи Medicare?

Имате право да користите Medicare ако живеете во Австралија и сте:

- австралиски или новозеландски државјанин
- австралиски жител со постојан престој
- поднеле барање за постојан престој (важат услови)
- жител со привремен престој опфатен со уредба на министерство
- државјанин или жител со постојан престој на островите Norfolk Island, Cocos (Keeling) Islands, Christmas Island или Lord Howe Island.

Исто така, имате право да користите Medicare доколку ја посетувате Австралија од земја со реципрочен договор за здравствена нега (Reciprocal Health Care Agreement) (важат услови).

## Научете за надоместоците од Medicare

Надоместоците што ги добивате од Medicare се одредени врз основа на список на наплати за услуги утврдени од австралиската влада, познат како Список на здравствени надоместоци (Medical Benefits Schedule - MBS). Вашиот давател на здравствени услуги може да одлучи да ви наплати повисока цена од таа што е наведена во MBS-списокот.

**Надоместок од Medicare** е износот што го добивате од Medicare кога **поднесувате барање за надомест на трошок (claim)** за медицинска услуга.

Најбрзиот начин да го побарате вашиот надоместок од Medicare е во ординацијата на вашиот доктор веднаш откако ќе платите.

- Ако вашиот доктор **ја наплаќа услугата директно од Medicare,** тоа значи дека Medicare ги покрива трошоците за добиената услуга и вие не плаќате ништо.
- Ако вашиот доктор не нуди можност за директна наплата на услуги од Medicare, сепак можете да поднесете **барање за надомест од Medicare** откако ќе платите за услугите во целост. Ако вашиот давател на здравствена нега наплаќа повеќе од тоа што го покрива Medicare, тогаш ќе треба вие лично да ја платите разликата (out-of-pocket cost).

# Повеќе информации

**За да дознаете повеќе како Medicare може да ви помогне, посетете ја веб-страницата medicare.gov.au/stronger**

**Скенирајте за да дознаете повеќе**